ОДУ.бр.283/18

Република Македонија
**НОТАР**
**НАДА ПАЛИЌ**
ул."Пролет" број 35А Скопје
2018.05.11

# ЗАПИСНИК
од Годишно Собрание на акционери на
НЛБ БАНКА АД Скопје

Република Македонија
**Н О Т А Р**
**НАДА ПАЛИЌ**
**ул."Пролет" број 35А**
**2018.05.11**
**11:00(единаесет)часот**

**ОДУ.бр.283/18**

**ИЗВОД**

Јас, **Нотар Нада Палиќ** од Скопје ул."Пролет"број 35А, потврдувам дека во двеилјадитаиосумнаесета година, месец мај, ден единаесети на писмено Барање од НЛБ Банка АД Скопје, заведено под број 0201-130 од 07.05.2018 година, примено во нотарската канцеларија на ден 07.05.2018 година, кое е прилог на овој записник, да присуствувам на Годишно Собрание на акционери на НЛБ БанкаБанка АД Скопје, закажано за ден 11.05.2018 (ден единаесети, месец мај, двеилјадитаиосумнаесета) година, со почеток во 11:00 (единаесет) часот, во седиштето на НЛБ Банка АД Скопје на ул."Мајка Тереза" број 1 Скопје, заради превземање на службено дејствие согласно член 92 од Законот за нотаријатот и член 383 и 384 од Законот за трговски друштва, а во врска со член 298 од истиот закон, како повикан Нотар да потврди Одлуки на Годишно собрание на акционери, го сочинив следниот ---------------------------------------------------------------

## ----------------------------З А П И С Н И К----------------------------

## ------------од Годишно Собрание на акционери на НЛБ БанкаАД Скопје ------------

Пред отпочнување на службеното дејствие утврдив дека:------------------------------------------------

НЛБ Банка АД Скопје, ЕМБС 4664531, со седиште на ул."Мајка Тереза" број 1 Скопје е запишано во единствениот трговскиот регистар при Централниот Регистар на Република Македонија - Скопје, видно од увид во Тековна состојба /електронски издаден документ/ издадена од Централен Регистар на Република Македонија – Трговски регистар и регистар на други правни лица под број 0805-50/150020180152749 од 11.5.2018 година.---------------------------------------------------------------

Согласно Акционерската Книга на НЛБ Банка АД Скопје издадена на ден 09.05.2018 година – 12:25:45 часот од Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, која се води под ISIN MKTNBA 101019, која е прилог на овој записник, утврдив дека издавачот НЛБ Банка Акционерско Друштво-Скопје издало под Вид-Обични акции, со номинална вредност по ХВ: 1000 (еднаилјада) МКД, со вкупен број на ХВ: 854061 (осум стотинипедесетичетириилјадиишеесетиеден), со вкупен номинален капитал од 854.061.000 МКД (осум стотинипедесетичетиримилиониишеесетиеднаилјададенари), број на гласови 854061 (осумстотини педесетичетириилјадиишеесетиеден), состојба-Активен, број на иматели 819 (осумстотинии деветнаесет), со број на сопственички позиции 831(осумстотиниитриесетиеден).---------------------------------------

Од увидот во Акционерска книга, утврдив дека акционери на НЛБ Банка АД Скопје се физички и правни лица.---------------------------------------------------------------

Седницата на Собранието е свикана врз основа на член 41 од Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, а согласно Одлуката за свикување на Годишно собрание на НЛБ Банка АД Скопје и за утврдување на дневен ред за Собранието донесена од Надзорниот одбор на Банката на ден 05.04.2018 година, заведена под број 0202-78 од 05.04.2018 година, која е прилог на овој записник и на начин определен во член 387 од Законот за трговски друштва, со Јавен повик во дневен весник "Слободен печат" од 11.04.2018 (ден единаесети, месец април, двеилјадитаиосумнаесета) година, страна 20(дваесета) во кој е објавен дневниот ред на Годишното собрание на акционери, кој е прилог на овој записник и на начин определен во член 387 од Законот за трговски друштва. ---------------------------------------------------------------

Седницата на Собранието започна во 11:02 часот (единаесетчасотидвеминути) и ја отвори акционерот Донка Марковска - Претседавач на претходната седница, која најпрвин ги поздрави присутните акционери и констатира дека во законскиот рок е објавен јавниот повик за свикување на Годишно Собрание на акционери, а врз основа на потпишаниот Список на присутни акционери односно нивните полномошници со што го верификуваа своето присуство на Собранието (верификуван учесник на Собранието), а кој список е прилог на овој записник,така што од вкупниот број 853.245 обични акции со право на глас, присутни се акционери кои поседуваат **747.268 акции со право на глас** што претставува **87,58 %** од вкупниот број на акции со право на глас за ова Собрание, согласно акционерската книга која е издадена 24 часа пред одржувањето на ова Собрание, што значи дека на седницата на Собранието се присутни верификувани учесници кои поседуваат најмалку мнозинство од вкупниот број на акции со право на глас, односно обично мнозинство, што значи Собранието има кворум и може да одлучува по сите точки од дневниот ред, со прилог кон истиот Овластување од доминатниот акционер Нова Љубљанска Банка д.д. Љубљана од 18.04.2018 година, заверено кај Нотар Миро Кошак од Љубљана под бр.OB 2297/2018 од 09.05.2018 година.---

Акционерот Донка Марковска истакна дека Списокот на присутни акционери на Собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје со свој потпис ќе го завери Претседавачот на Собранието и Нотарот. Од верификуваниот список за присуство Претседавачот објави дека Собранието има потребен кворум за работа и истото полноважно може да донесува одлуки по сите точки на дневниот ред, согласно Законот за трговски друштва и Статутот на Банката.---

Акционерот Донка Марковска истакна дека предлогот на дневниот ред е објавен во Јавниот повик и на официјалната интернет страница на друштвото за свикување на денешната седница на собранието на акционери на НЛБ Банка АД Скопје и предлози за измени и дополнувања на дневниот ред до овој момент не се поднесени, па за денешното Собрание на акционери се предлага следниот:---

## ДНЕВЕН РЕД

**1.Избор** на претседавач на Собранието; ---

**2.Избор** на записничар и на бројач на гласови на Собранието; ---

**3.Годишен извештај** за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2017 година, со---

***Мислење на Надзорниот одбор** по Годишниот извештај за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2017 година;---

***Предлог – Одлука** за усвојување на Годишниот извештај за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2017 година и Мислењето на Надзорниот одбор по Годишниот извештај за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2017 година; ---

4.Извештај на Ревизорската куќа, Ернест и Јанг Овластени ревизори ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје за 2017 година, со ---

***Извештаи за контрола и Мислење на Надзорниот одбор** по Извештаите на Ревизорската куќа, Ернест и Јанг Овластени ревизори ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, за 2017 година; ---

***Предлог – Одлука** за усвојување на Извештаите на Ревизорската куќа, Ернест и Јанг Овластени ревизори ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, за 2017 година со Мислење на Надзорниот одбор по истите; ---

**5.Годишен извештај** за работењето на Надзорниот одбор во 2017 година, со---

*Оцена на работењето на Надзорниот одбор во 2017 година; ---

***Предлог – Одлука** за усвојување на Годишниот извршtaj за работењето на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје во 2017 со вклучена оцена на неговата работа од аспект на поединечните членови и колективно во 2017 година; ---

**6. Предлог – Одлуки** за одобрување на работата на членовите на Надзорен одбор; ---

**7.Годишен извештај** за работењето на Управниот одбор во 2017 година, со---

***Предлог – Одлука** за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Управниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје во 2017 година;---

**8.Предлог - Одлуки** за одобрување на работењето на членовите на Управниот одбор; ---

**9.Предлог – Одлука** за усвојување на Годишната сметка на НЛБ Банка АД Скопје за 2017 година;---

**10.Предлог – одлука** за употреба и распоредување на добивката по Годишната сметка на НЛБ Банка АД Скопје за 2017 година; ---

**11.Предлог – одлука** за распределба на дивиденда и утврдување на дивиденден календар на НЛБ Банка АД Скопје за 2017 година; ---

**12.Предлог – Одлука** за изменување и дополнување на Статутот на НЛБ Банка АД Скопје; ---

**13.Предлог – одлука** за назначување Друштво за ревизија. ---

Акционерот Донка Марковска вака Предложениот Дневен ред го стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека предложенит Дневен ред е едногласно усвоен. ЗА предлогот гласаа 747.268 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.---

Се констатира дека предложениот Дневен ред е усвоен.---

Акционерот Донка Марковска истакна дека материјалите од ова Собрание согласно јавниот повик за свикување на Годишното собрание беа достапни за увид во просториите на НЛБ Банка АД Скопје, во Кабинетот на Управниот одбор, секој работен ден од 10:00 до 13:00 часот од денот на објавувањето на јавниот повик, како и на интернет страницата на НЛБ Банка АД скопје www.nlbmk, а увид беше овозможен и пред почетокот на седницата на Собранието.---

Се премина на точка **1** од Дневниот ред **Избор на Претседавач на Собранието**.---

Акционерот Донка Марковска истакна дека согласно член 48-а од Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, со седницата на Собранието претседава Претседавач, кој се избира за секое одделно Собрание. Со оглед на тоа што неговиот мандат истекува со изборот на претседавач на оваа седница на Собранието отвори расправа по првата точка од дневниот ред. Исто така појасни дека согласно законските прописи претседавач на Собранието може да биде избран секој акционер или лице кое што застапува акционер, а не може да биде избран член на Управниот одбор или член на Надзорниот одбор, па праша дали има предлози за претседавач на Собранието. За збор се јави акционерот Богоја Китанчев па за Претседавач на ова Собрание го предложи акционерот Донка Марковска. На ваквиот предлог акционерот Донка Марковска праша дали има некој забелешки и дали има друг предлог, па како никој немаше друг предлог, ваквата Предлог-Одлука ја стави на гласање на Собранието, која е прилог на овој записник. Гласањето е јавно. ЗА предлогот гласаа 747.268 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема. ---

Акционерот Донка Марковска констатира дека Собранието донесе **Одлука за избор на Претседавач на Собранието**, односно **Претседавач на Собранието на акционери**, согласно член 395 став 2 од Законот за трговски друштва е избран **акционерот Донка Марковска,** ул.Васил Стефановски број 30 Скопје, со лична карта број А0860932; ЕМБГ 2708976455010 издадена од МВР Скопје на ден 28.03.2011 година.-----------

Претседавачот на собранието Донка Марковска се заблагодари за изборот и довербата и премина на точка **2** од Дневниот ред **Избор на Записничар и бројач на гласови на Собранието.**-----------

Претседавачот на собранието за записничар на денешното Собрание на акционери ја предложи Нотар Нада Палиќ од Скопје, кој ќе го води и изготви Записникот од оваа седница на Собранието и ја предложи за бројач на гласови на денешното Собрание на акционери Мирјана Андоноска, самостоен правник во Кабинетот на Управниот одбор. Претседавачот на собранието праша дали има некој забелешки и дали има друг предлог, па како никој немаше друг предлог, ваквата Предлог-Одлуката за избор на записничар и бројач на гласови на Собранието, која е прилог на овој записник, ја стави на гласање. Гласањето е јавно. ЗА предлогот гласаа 747.268 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.-----------

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за избор на записничар и бројач на гласови на Собранието**, со содржина како Предлог-Одлуката.-----------

Се премина на точка **3** од Дневниот ред **Годишен извештај** за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2017 година, со-----------

***Мислење на Надзорниот одбор** по Годишниот извештај за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2017 година;-----------

***Предлог – Одлука** за усвојување на Годишниот извештај за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2017 година и Мислењето на Надзорниот одбор по Годишниот извештај за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2017 година; -----------

Претседавачот на собранието истакна дека согласно Законот за банки, Надзорниот одбор на Банката го одобрува Годишниот извештај за работењето на НЛБ Банка АД Скопје и доставува писмено Мислење кон Годишниот извештај за работењето на Банката во 2017 година до Собранието на Банката, кои се прилог на овој записник, па праша дали некој бара збор. За збор се јави Претседателот на Управниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје Г-дин Антонио Аргир кој се заблагодари на присуството и истакна дека во неговото излагање ќе ги презентира условите во кои Банката работеше во текот на 2017 година и финансиските и оперативните резултати кои се остварени следејќи ја стратегијата, визијата и мисијата на Банката.-----------

Изминатата година ќе остане запаметена како динамична и полна со предизвици, во која пазарните услови беа неповолни за инвестициски активности, со продолжена политичка криза која ескалираше кон крајот на првото шестмесечје, но со позитивен импулс за стабилизација на политичката ситуација во втората половина од годината. Банкарскиот сектор оствари позитивни резултати, при што депозитите се зголемија за 5,4%, кредитите за 5,7%, а притоа зачуван е квалитетот на кредитното портфолио и процентот на нефункционални кредити се задржа на слично ниво како претходната година и изнесуваше 6.3%. За НЛБ Банка АД Скопје, 2017 година заврши со исклучителни резултати во поглед на продажбата на Банкарски и небанкарски продукти, управување со трошоците и поврат на капиталот. Остварената нето-добивка изнесува 34,6 милиони ЕУР или 34,6% повеќе споредено со претходната година, додека реализираниот поврат на капиталот изнесува 27,8%. Учеството на оперативните трошоци во вкупните нето приходи изнесува 42,1%, додека учеството на некаматните приходи во вкупните нето приходи 31,7%. Заработката по акција изнесува 0 ЕУР и е повисока од онаа во претходната година за 34,6%. Вкупната актива на Банката достигна 1.231,8 милиони ЕУР или 5,7% повеќе во однос на 2016 година, главно како резултат на растот на депозитите за ,1%, додека кредитите порасная за 5,7% предводени од сегментот население. Квалитетот на кредитното портфолио се подобри како резултат на мерките за наплата на Банката, при што учеството на нефункционалните пласмани се намали на 4,2% наспроти 4,8% во 2016 година. Со своите продажни активности, Банката успеа да го зголеми или одржи пазарното учество во различни сегменти од Банкарското работење, и тоа: 16,4% според вкупната актива, 17,9% на кредити и депозити, 17,4% според бројот на сметки

на физички и правни лица, 30,4% според прометот преку картички и 33,2% пазарно учество според прометот преку мрежата на ПОС терминали на Банката. Изминатата година по многу нешта е најуспешна за нас, но исто така и година со многу предизвици. Година во која се соочивме со настан без преседан – грабеж од внатре, кој нè промени како индивидуи, а ја промени Банката како целина. Во духот на организациската култура во која делуваме, ние сме убедени дека взаемната доверба е единствена основа за успешно заедничко работење поради што е неопходно таа да се гради преку почитување на воспоставените системи, правила и процедури. Позитивно, од ова искуство, е дека го доживеавме настанот не само од професионален аспект, туку и лично, што ја покажува нашата посветеност и чувство на припадност кон Банката. Се консолидиравме брзо и докажавме дека нашата НЛБ Банка е солиден систем, цврста институција, каде нашите вработени се нашиот највреден ресурс, кои посветени ја одржавме довербата кај клиентите и направивме одлични резултати во работењето и во оваа исклучително тешка година. Го одржавме ветувањето спрема клиентите, акционерите, општата јавност, ги реализиравме зацртаните цели, планови и бизнис активности и продолживме со успешна работа во која задоволени беа барањета на клеинтите и стабилноста на работењето.Резултатите кои ги остваривме не се случајност. Работевме одговорно и максимално посветено. Во текот на годината успеавме да ја зголемиме клиентската база на Банката бројот на правни и физички лица, особено оние со редовни приходи – приматели на плата и пензија. Ги оптимизиравме процесите, ја унапредуваме продажбата преку сите продажни канали, ја подобривме нашата конкурентност преку одлична техничка поддршка за дигиталните услуги и реализиравме бројни проекти и инвестиции. Воведовме прва мобилна апликација за правни лица – mProklik, како пионери на пазарот за овој тип на услуга, а во соработка со нашиот партнер NEP Loyality, ери на пазарот за овој тип на услуга, а card, која нуди можност за поврат на средства за секоја безготовинска трансакција. Ги интензивиравме кредитните активности кај населенито, директно, или преку посредници и платформи за масовна продажба.Кога се во прашање претпријатијата фокусот беше ставен на целосно централизирана услуга која вклучува: кредитирање, управување со готовина, платежни услуги, прекугранична поддршка на финансиски услуги за корпоративни клиенти активни на регионалните пазари каде што е присутна НЛБ Групацијата, финансиски бенефиции за извозно-ориентирани компании, како и советодавни услуги за трансакции на пазарот на капитал. На крајот на 2017 година, потпишавме договор за продажба на НЛБ Нов пензиски фонд, при тоа ние и понатаму остануваме соработници и дел од понудата на Фондот и понатаму останува достапна преку сите продажни канали на Банката. Заедно со новите сопственици ќе продолжиме и понатаму да креираме иновативни продукти за нашите клиенти и заеднички да ги поместуваме границите на успехот. Следејќи ја стратегијата на НЛБ Банка за наредниот период, очекуваме да ја исполниме нашата цел и да останеме на врвот на посакувани и признати брендови. Во 2018 година планираме да оствариме добивка од 27,3 мил. еур, со поврат на капитал од 21,1%. Планираме пораст на активата, а преку збогатување на понудата на продукти и услуги планираме да оствариме пораст на кредитното портфолио од 70 мил еур или 8,8% и притоа да го зголемиме пазарното учество и во сегментот правни и во сегментот на физички лица. Почитувани акционери, како потврда за нашето работење, бевме наградени со "Кристално ѕвоно" за трета најтранспарентна компанија на Македонската берза, и воедно добивме и награда за компанија со најголем промет на Берзата. Дополнително, нашата мобилна апликација беше една од првите три наградени апликации во рамки на изборот Интернет страна на годината, единствена од областа на финансиите, а исто така ја добивме и наградата на Europe Banking Awards 2017 - за најдобра банка, Best Bank in Macedonia 2017 од финансискиот магазин EMEA. На крај, Би сакал да Ви се заблагодарам во мое лично име и во името на сите вработени за Вашата континуирана поддршка и доверба како наши акционери и клиенти. Ве уверуваме дека НЛБ Банка ќе продолжи да работи успешно на пазарот преку професионален пристап и квалитет во сите сегменти од работењето. Со јасна визија, посветеност за остварување на стратешките цели на Банката, фокус кон нашите клиенти и нивните потреби, ќе останеме предводници во креирањето на модерни и иновативни решенија прилагодени во целост да одговорат на потребите на клиентите.* ---------------------------------------------------------------------------------------------

---

За збор се јави акционерот Тихомир Мукаетов и праша дали Банката ќе направи можност мобилниот телефон да претставува и елекетронски паричник, односно со помош на мобилниот телефон да се врши плаќање од картичките без да се користат физички платежните картички.------------------------------------

---

На ова Претседателот на Управниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје Г-дин Антонио Аргир даде одговор дека во моментот постои мобилна апликација, со што сите трансакции можат да се вршат во платниот промет помеѓу сите физички и правни лица, како што се плаќање на сметки и други режиски трошоци. Дополнително се вгради нотификација за сите приливи и одливи од сметките, како платформа за комуникација со клиентите. Во текот на 2018 година ќе ги виртуелизираме сите картички со што преку мобилниот телефон ќе се вршат сите плаќања така што во јуни 2018 година е проектот со Мастер картичката, а во октомври 2018 и Виза картичките, така што НЛБ ќе биде прва Банка која ќе има комплетна понуда на сите картички преку мобилен телефон.----------------------------------------------------------------------------------------------------

---

За збор се јави акционерот Благој Митров и постави прашање околу планираната добивка оваа година од 27 мил.евра, со оглед на тоа да во првиот квартал од 2018 добивката е веќе 16 мил.евра, со што остануваат 10 мил.евра оваа година, што се чини малку, па дали Банката очекува некакви проблеми, на што Г-дин Аргир одговори дека добивката од првиот квартал дава основа очекувањата да бидат поголеми. Планот бил тој, но со оглед на првиот квартал, секако се надеваме добивката да биде поголема од планираната до крај на годината. ---

За збор се јави акционерот Венко Темелковски и истакна дека Извештаите за оваа година се фанатастични и покрај одвратниот инцидент кој што се случи минатата година, а тоа е грабежот и се постигнаа многу добри резултати и сето тоа се преживеа. Но сепак, малцинските акционери се тука за дивидендата, односно за некаква вредност на вложените пари. Имено, она што е чудно што оваа година и покрај поголемата добивка, дивидендата е пониска од минатата, па што е причината за тоа?---

Претседателот на Управниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје Г-дин Антонио Аргир одговори и при планирањето за оваа година, земајќи ги предвид законските измени од минатата година кои 2018 стапија на сила, предвидено беше да се исплати 30% дивиденда, а 70% да се задржи, и од тоа не отстапивме многу, предлогот е 25% да се исплати, а 75% да се задржи. Главен аргумент е задоволување на потребите на Базел 3 стандардите кои се воведени во банкарскиот сектор.Сметаме дека овој предлог е надобар и најисплатлив и трошковно најефикасен, и тоа како за Банката така и за акционерите, во спротивно треба да се оди на докапитализација на Банката која би предизвикала поголеми трошоци и можност за промена на акционерската структура. Треба да почнеме да ги цениме оние компании кои добивката ја вложуваат во себе, а заради реализација на профитабилни проекти, а не цената на акцијата да биде условена само од висината на исплатената дивиденда, бидејќи на овој начин вредноста на компанијата расте станува постабилна и поотпорна на разните ризици. За само една година Банката требаше да ја подигне адекватноста на капиталот за 1 процентен поен, Со оваа задршка ги задоволуваме регулаторните потреби, а покрај тоа и потребите за растот кој го предвидуваме. Се надеваме дека од наредната година нема повеќе да има регулаторни барања, па ќе има можност за исплата на поголема дивиденда.---

За збор се јави акционерот Моме Веселиновски и праша што се случи со парите од грабежот, дали парите се осигурани и дали е променета осигурителната компанија?---

На ова Претседателот на Управниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје Г-дин Антонио Аргир даде одговор дека парите не се осигурани, туку Банката е осигурана од ризици, вклучително и ризик од нелојалност на вработени, и имаме информација дека во банкарскиот сектор во Македонија има само четири вакви полиси. Како и во секој бизнис, така и во осигурителниот се среќаваме со непознаници. Ние бевме осигурани, си ги побарувавме парите, убедени дека ќе наплатиме штетата во целост, но во сите тие преговори и состаноци со брокерските куќи, со осигурувачот и реосигурувачот, добивме понуда за исплата на 80% од штетата. На овој начин се избегна водење на долгогодишни судски постапки со неизвесен исход , дефокусирање на менаџментот и вработените. Се ова го направивме во координација со нашиот Надзорен одбор и сметаме дека со прифатената Спогодба за исплата на штета направивме одлична работа Осигрителната компанија не е сменета, реосигурителната компанија е различна. На ниво на цела НЛБ Групацијата се избра нов брокер кој работи во интерес на целата групација и со тоа се постигнаа подобри услови за осигурување и реосигурување. ---

За збор се јави акционерот Тихомир Мукаетов и праша на кој начин Банката го постигнала зголемувањето на адекватноста на капиталот од 13% на 15%, на што Претседателот на Управниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје одговори дека тоа е направено со одлука на Надзорен одбор на Банката, а со дополнителна согласност дадена од Народна банка на Република Македонија. Тихомир Мукаетов праша дали делот од добивката кој е задржан за инвестирање е забранет за користење од страна на акционерите, на што одговорот беше потврден. На ова Тихомир Мукаетов праша дали овој дел понатаму може да биде поделен како скрипт емисија на сите акционери, на што акционерот Донка Марковска одговори дека за тоа дали овој дел може да се претвори во акциска дивиденда треба да се испита дополнително Базелската регулатива, но она што е важно за тој капитал е дека тој е првокласен капитал и не смее да се оптоварува со даночни и други идни обврски, и тоа е најважната негова карактеристика.---

Како никој друг не зеде збор, Претседавачот на собранието, Предлог – Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работењето на НЛБ Банка АД Скопје, која е прилог на овој записник, ја стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 747.268 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.---

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на НЛБ Банка АД Скопје** , со содржина како Предлог-Одлуката.-----------------

Се премина на точка **4** од Дневниот ред **Извештај** на Ревизорската куќа, Ернест и Јанг Овластени ревизори ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје за 2017 година со ---

***Извештаи за контрола и Мислење на Надзорниот одбор** по Извештаите на Ревизорската куќа, Ернест и Јанг Овластени ревизори ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, за 2017 година; ----------------------------------------------------------------------------------------------

***Предлог – Одлука** за усвојување на Извештаите на Ревизорската куќа, Ернест и Јанг Овластени ревизори ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, за 2017 година со Мислење на Надзорниот одбор по истите; ----------------------------------------------------------------

Претседавачот на собранието по оваа точка на дневниот ред истакна дека согласно Законот за банки, Надзорниот одбор на Банката го разгледува Извештајот за ревизија и доставува писмено мислење по истиот до Собранието на Банката, а согласно Законот за трговски друштва, Надзорниот одбор на Банката на Собранието му поднесува писмен Извештај за контрола по Извештајот на Ревизорската куќа, за извршена ревизија на финансиските изврштаи за претходната деловна година.---------------------------------------

Претседавачот на собранието му даде збор на претставникот на Ревизорската куќа Ернст и Јанг Овластени ревизори ДОО Скопје, Г-дин Владимир Соколовски кој истакна дека финансиските извештаи на Банката, објективно ја презентираат, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Банката на 31 декември 2017 година, како и финансиската успешност и паричните текови на Банката за годината што завршува тогаш, во согласност со регулативата на Народна Банка на Република Македонија и со Меѓународните стандарди за финансиско известување. Годишниот извештај за работење е конзистентен, во сите материјални аспекти, со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Банката за годината што завршува на 31.12.2017 година. Воедно, тој ја искажа својата благодарност за целокупната подршка за време на ревизијата од страна на сите вработени и менаџментот на Банката и се надева и на понатамошна успешна соработка.-----------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на собранието отвори расправа по извештаите и праша дали некој се јавува за збор, како никој не се јави за збор истиот, Предлог – Одлуката за усвојување на Извештаите на Ревизорската куќа, Ернст и Јанг Овластени ревизори ДОО Скопје, за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје за 2017 година со Мислење на Надзорниот одбор за истите, која е прилог на овој записник, ја стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 747.268 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.-----------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за усвојување на Извештаите на Ревизорската куќа Ернст и Јанг Овластени ревизори ДОО Скопје, за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје за 2017 година со Мислење на Надзорниот одбор за истите**, со содржина како Предлог-Одлуката.-----------------------------------------------

Се премина на точка **5** од Дневниот ред **Годишен извештај** за работењето на Надзорниот одбор во 2017 година, со----------------------------------------------------------------------------------------------

***Оцена** на работењето на Надзорниот одбор во 2017 година;-----------------------------------------

***Предлог – Одлука** за усвојување на Годишниот изврштај за работењето на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје во 2017 со вклучена оцена на неговата работа од аспект на поединечните членови и колективно во 2017 година; ---------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на собранието по оваа точка од дневниот ред истакна дека согласно Законот за банки Надзорниот одбор на Банката најмалку еднаш годишно врши оцена на сопствената работа од аспект на поединечните членови и колективно и за тоа го известува Собранието на Банката. Во оваа насока заедно со Годишниот извештај за работењето на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје следи и вклуена Оцена на неговата работа од аспект на поединечните членови и колективно, за 2017 година, кои се прилог на овој записник.---

Претседавачот на собранието праша дали некој бара збор и како никој не се јави , Предлог – Одлуката за усвојување на Годишниот Извештај за работењето на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје во 2017 година со вклучена оцена на неговата работа од аспект на поединечните членови и колективно, во 2017 година, која е прилог на овој записник, ја стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката е едногласно усвоена. ЗА предлогот гласаа 747.268 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.---

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за усвојување на Годишниот Извештај за работењето на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје во 2017 година со вклучена оцена на неговата работа од аспект на поединечните членови и колективно во 2017 година**, со содржина како Предлог-Одлуката.---

Се премина на точка **6** од Дневниот ред **Предлог – Одлуки** за одобрување на работата на членовите на Надзорен одбор.---

Претседавачот на собранието истакна дека согласно Законот за трговски друштва, Годишното собрание по завршување на деловната година, задолжително одлучува за работата на сите членови на Надзорниот одбор. За одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор се гласа подделно за секој член на Надзорниот одбор, па ---

Предлог-Одлуката за одобрување на работата на Претседателот на Надзорниот одбор, Блаж Бродњак, која е прилог на овој записник, ја стави на гласање Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката, едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 747.268 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.---

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за одобрување на работата на Претседателот на Надзорниот одбор Блаж Бродњак**, со содржина како Предлог-Одлуката.---

Предлог-Одлуката за одобрување на работата на Заменик претседателот на Надзорниот одбор, Марјета Звер Цанкар, која е прилог на овој записник, Претседавачот на собранието ја стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката, едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 747.268 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.---

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за одобрување на работата на Заменик претседателот на Надзорниот одбор Марјета Звер Цанкар**, со содржина како Предлог-Одлуката.---

Предлог-Одлуката за одобрување на работата на членот на Надзорниот одбор Петер Зелен, која е прилог на овој записник, Претседавачот на собранието ја стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката, едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 747.268 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.---

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за одобрување на работата на членот на Надзорниот одбор Петер Зелен**, со содржина како Предлог-Одлуката.---

Предлог-Одлуката за одобрување на работата на членот на Надзорниот одбор Винценц Јамник, која е прилог на овој записник, Претседавачот на собранието ја стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката, едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 747.268 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.------------------------------------------

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за одобрување на работата на членот на Надзорниот одбор Винценц Јамник,** со содржина како Предлог-Одлуката.------------------------

Предлог-Одлуката за одобрување на работата на членот на Надзорниот одбор Абдулменаф Беџети, која е прилог на овој записник, Претседавачот на собранието ја стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката, едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 747.268 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.------------------------------------------

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за одобрување на работата на членот на Надзорниот одбор Абдулменаф Беџети**, со содржина како Предлог-Одлуката.----------------

Предлог-Одлуката за одобрување на работата на членот на Надзорниот одбор Борислав Атанасовски, која е прилог на овој записник, Претседавачот на собранието ја стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката, едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 747.268 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.------------------------------------------

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за одобрување на работата на членот на Надзорниот одбор Борислав Атанасовски,** со содржина како Предлог-Одлуката-----------------

Со Претседавачот на собранието констатира дека е одобрена работата на сите членови на Надзорниот одбор.----------------------------------------------------------------------------------------------------

Се премина на точка **7** од Дневниот ред **Годишен извештај** за работењето на Управниот одбор на НЛБ АД Скопје во 2017 година со--------------------------------------------------------------------------------

**Предлог – Одлука** за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Управниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје во 2017 година; ---------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на собранието по Годишниот извештај за работењето на Управниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје во 2017 година, од април 2018 година, кој е прилог на овој записник отвори расправа и праша дали некој бара збор по извештајот и како никој не се јави за збор Предлог-Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Управниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје во 2017 година, која е прилог на овој записник, ја стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката, едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 747.268 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.---------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Управниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје во 2017 година**, со содржина како Предлог-Одлуката.-------------------------------------------------------------------------------------

Се премина на точка **8** од Дневниот ред **Предлог - Одлуки за одобрување на работата на членовите на Управниот** одбор.----------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на собранието истакна дека согласно Законот за трговски друштва, Годишното собрание по завршување на деловната година, задолжително одлучува за работата и водењето на работењето на Банката од страна на сите членови на Управниот одбор. За одобрување на работата на членовите на Управниот одбор се гласа подделно за секој член на Управниот одбор, па------------------------------------

Предлог-Одлуката за одобрување на работата на Претседателот на Управниот одбор Антонио Аргир, која е прилог на овој записник, Претседавачот на Собранието ја стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката, едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 747.268 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.---

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за одобрување на работата на Претседателот на Управниот одбор Антонио Аргир**, со содржина како Предлог-Одлуката.---

Предлог-Одлуката за одобрување на работата на членот на Управниот одбор Љубе Рајевски, која е прилог на овој записник, Претседавачот на собранието ја стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката, едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 747.268 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.---

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за одобрување на работата на членот на Управниот одбор Љубе Рајевски**, со содржина како Предлог-Одлуката.---

Предлог-Одлуката за одобрување на работата на членот на Управниот одбор Дамир Кудер, која е прилог на овој записник, Претседавачот на собранието ја стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката, едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 747.268 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.---

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за одобрување на работата на членот на Управниот одбор Дамир Кудер**, со содржина како Предлог-Одлуката.---

Потоа Претседавачот на собранието констатира дека е одобрена работата на сите членови на Управниот одбор.---

Се премина на точка 9 од Дневниот ред **Предлог - Одлука за усвојување на годишната сметка на НЛБ Банка АД Скопје за 2017 година**; ---

Претседавачот на собранието по оваа точка на дневниот ред истакна дека согласно Законот за банки, Собранието ја усвојува годишната сметка и финансиските извештаи на Банката, па праша дали некој бара збор и како никој не се јави, Предлог – Одлуката за усвојување на годишна сметка на НЛБ Банка АД Скопје за 2017 година, која е прилог на овој записник, со составен дел на истата Биланс на успехот во периодот од 01.01.2017 до 31.12.2017 година и Биланс на состојбата на ден 31.12.2017 година, ја стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 747.268 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.---

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за одобрување на Годишна сметка на НЛБ Банка АД Скопје за 2017 година**, со содржина како Предлог-Одлуката.---

Се премина на точка **10** од Дневниот ред **Предлог – Одлука за употреба и распоредување на добивката по годишната сметка на НЛБ Банка АД Скопје за 2017 година**.---

Претседавачот на собранието истакна дека согласно Законот за банки, Собранието одлучува за употреба и распоредување на остварената добивка по годишната сметка на НЛБ Банка АД Скопје за 2017 година.---

Претседавачот на собранието праша дали некој бара збор. За збор се јави акционерот Венко Темелковски и истакна дека и ако гласал за Годишниот извештај на Банката, не се согласува со распределбата на начин како во предлог-одлуката, бидејќи во нашата земја цената на акцијата се цени по дивидендата, и истиот ден

кога беа објавени материјалите за Собрание, цената на акцијата падна, па за тоа за оваа одлука ќе гласа против. Претседателот на Управниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје Г-дин Антонио Аргир даде информација дека за оваа година било планирано 8,2 мил.евра, а се исплаќа 8,6 мил. евра.-------------------------------

Како никој друг не се јави за бор Предлог – Одлуката за употреба и распоредување на остварената добивка по годишната сметка на НЛБ Банка АД Скопје за 2017 година, која е прилог на овој записник, ја стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката е усвоена. ЗА предлогот гласаа 744.747 акции со право на глас, ПРОТИВ 2.521, ВОЗДРЖАНИ нема.-------------------------------

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за употреба и распоредување на остварената добивка по годишната сметка на НЛБ Банка АД Скопје за 2017 година**, со содржина како Предлог-Одлуката.-------------------------------

Се премина на точка **11** од Дневниот ред **Предлог – Одлука** за распределба на дивиденда и утврдување на дивиденден календар на НЛБ Банка АД Скопје за 2017 година. -------------------------------

Претседавачот на собранието истакна согласно Законот за трговски друштва по одобрувањето на годишната сметка и на финансиските извештаи и утврдувањето на постоењето добивка за распределба Собранието на акционери го определува делот кој што им се доделува на акционерите во форма на дивиденда, според редот и класата на акциите.НЛБ Банка АД Скопје има вкупно издадено 854.061 обични акции и секој акционер има право на дивиденда соодветно на бројот на акции кои ги поседува. Претседавачот на собранието праша дали некој бара збор.-------------------------------

За збор се јави акционерот Моме Веселиновски и даде предлог во иднина пред Нова година да се подели дивидендата за да се избегне данокот. На овој предлог немаше одговор и коментар.-------------------------------

Како никој друг не се јави за збор Претседавачот на собранието Предлог – Одлуката Предлог – Одлуката за распределба на дивиденда и утврдување на дивиденден календар на НЛБ Банка АД Скопје за 2017 година, која е прилог на овој записник и ја стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката е усвоена. ЗА предлогот гласаа 746.714 акции со право на глас, ПРОТИВ 554, ВОЗДРЖАНИ нема.-------------------------------

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука** за распределба на дивиденда и утврдување на дивиденден календар на НЛБ Банка АД Скопје за 2017 година, со содржина како Предлог-Одлуката.-------------------------------

Се премина на точка **12** од Дневниот ред **Предлог – Одлука** за измени и дополнување на Статутот на НЛБ Банка АД Скопје.-------------------------------

Претседавачот на собранието по оваа точка истакна дека Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје предлага Одлука за измени и дополнувања на Статутот на Банката. Образложение за предложените измени и дополнувања на Статутот е дел од материјалот на оваа точка. НЛБ Банка АД Скопје врз основа на Предлог-Одлуката за одобрување за измена и дополнување на Статутот на Банката усвоена од Надзорниот одбор ја достави до Народна Банка на Република Македонија за претходна согласност од Гувернерот на Народна Банка на Република Македонија.Одлуката ќе стапи на сила по добивањето на Согласност од Гувернерот на НБРМ. Претседавачот на Собранието праша дали некој бара збор. Како никој не се јави за збор, Предлог – Одлуката за измени и дополнувања на Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, која е прилог на овој записник, ја стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог – Одлуката, едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 747.268 акции со право на глас, ПРОТИВ , ВОЗДРЖАНИ нема.-------------------------------

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за измени и дополнувања на Статутот на НЛБ Банка АД Скопје**, со содржина како Предлог-Одлуката.-----

Се премина на точка **13** од Дневниот ред **Предлог - Одлука за назначување Друштво за ревизија.**-----

Претседавачот на собранието истакна дека согласно Законот за банки, Собранието на Банката избира друштво за ревизија на Банката, па ја посочи Предлог – одлуката според која се предлага Друштво за ревизија на НЛБ Банка АД Скопје за вршење на ревизија на финансиските извештаи за 2018 година да биде ревизорското друштво кое ќе го одбере Групацијата НЛБ за 2018 доколку го исполнува членот 105 од Законот за банки на Република Македонија. Доколку избраното друштво не го исполнува условот се одобрува ревизорско друштво за финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје во согласност со регулативата на Народна Банка на Република Македонија за 2018 да биде Грант Тхорнтон ДОО Скопје.Покрај ова, се предлага друштво за вршење на ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје во согласност со ИФРС и регулативата на НЛБ д.д. за консолидациски цели, да се избира групацискиот ревизор на НЛБ Групацијата за 2018 година кој е избран од страна на НЛБ д.д.-----

Претседавачот на собранието праша дали некој бара збор. Како никој не се јави за збор, Предлог Одлуката за назначување Друштво за ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје за 2018 година, која е прилог на овој записник, ја стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 747.268 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.-----

Претседавачот на Собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за назначување Друштво за ревизија**, со содржина како Предлог-Одлуката.-----

Поради исцрпување на дневниот ред, Претседавачот го заклучи Годишното Собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје во 12:08 часот (дванаесетчасотиосумминути).-----

Овој записник лично го составив на дванаесет страници од дванаесет листа, го следев целокупниот тек на седницата на Годишното собрание на акционери и истиот содржи опис на сите дејствија што се случија на седницата, а кои се од важност за оценка на законитоста на постапката за донесување на одлуките, за што Претседавачот на Собранието потврди дека неговата содржина одговара на фактичката состојба, па во знак на согласност со неговата содржина своерачно го потпишува.-----

**Претседавач на Годишно собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје**-----

______________________________с.р.-----

**Акционер Донка Марковска**-----

При составување на записникот се издадени изводи еден за учесникот НЛБ Банка АД Скопје со сите прилози кон оваа исправа и еден без прилози кон оваа исправа, еден за Народна Банка на Република Македонија со сите прилози кон оваа исправа, еден за упис во Централен Регистар на Република Македонија-Скопје, без прилози кон оваа исправа, а изворникот се чува во архивот на Нотарот.-----

Нотарска награда по член 41 и 54 од Нотарската тарифа е пресметана во износ од *13.500,оо* денари и надоместок на трошоци по член 52 од Нотарската тарифа е пресметан во износ од *1.800,00* денари.-----

**ОДУ.бр.283/18**-----

Во Скопје 2018.05.11-Двеилјадитаиосумнаесета година, месец мај, ден единаесети.-----

НОТАР
НАДА ПАЛИК

Јас НОТАР, НАДА ПАЛИЌ

ул. Пролет бр. 35А Скопје

(име, презиме и седиште – адреса)

потврдувам дека овој извод е идентичен со изворникот.

Овој е прв извод - потполн - во извадок, кон кого не се приложени - се приложени ______ преписи од прилогот на нотарската исправа.

Број: ОДУ 283/18

Во Скопје, 11.05.2018 година

НОТАР

(потпис и печат)

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
НАДА
ПАЛИЌ
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
НАДА
ПАЛИЌ
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
НАДА
ПАЛИЌ
СКОПЈЕ